Бр./Nr 12-951/2
19-04-2022 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-951/1 од 10.02.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-951 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-951/1 од 10.02.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Во пријавата е изнесено незадоволство од постапувањето на трудов инспектор ///, против работодавачот ///, за неисплатени плати од работен однос и регрес за годишен одмор. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

Со увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај се работи за работен спор, за чиешто решавање надлежен е Основен суд во Штип.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**